Денес (30 август 2016 година) во Скопје, Програмата на УСАИД за антикорупција, спроведувана од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) го презентираше новиот „ **Извештај за проценка на корупцијата во Македонија во 2016 година** “.



Емина Нурединоска, еден од авторите истакна: „Перцепциите за корупцијата се непроменети споредбено со 2014 година, а **нивоата на коруптивен притисок и виктимизација се влошени** . Коруптивниот притисок од страна на службените лица и вклученоста од страна на граѓаните бележат зголемување споредбено со истражувањето од 2014 година, а отпор кон корупцијата речиси и да не постои, односно на 30,5 % од граѓаните им бил побаран поткуп, а 29,2 % дале поткуп.

**Бројот на лица осудени за давање или примање поткуп е многу мал**, особено ако се спореди со податоците од претходните години.
**Не постои навика на пријавување случаи на корупција меѓу граѓаните**
. Имено 83,5 % од граѓаните не пријавиле случај на корупција на некоја институција задолжена за жалби, наспроти само 7,4 % кои го пријавиле случајот во некоја од институциите.



**Судиите, министрите и пратениците перципирани како најкорумпирани**.“
Нурединоска додаде и дека тоа што загрижува и за што треба да се обрне повеќе внимание во иднина е
**поголемата толеранција, односно прифатливост на корупцијата од страна на**

**младите на возраст од 18 до 29 години**
.

Покрај Националниот извештај, г. Руслан Стефанов од Центарот за изучување на демократијата од Бугарија ги презентираше наодите од Регионалниот извештај за проценка на корупцијата во Западен Балкан. **Најдобро котира Хрватска** каде, на 12 % од граѓаните им бил побаран поткуп, а дале 9 % од нив.
**Македонија се наоѓа на дното**
, односно едно место пред последната на листата, Албанија.

Извештајот е подготвен како дел од Програмата на УСАИД за борба против корупцијата ја спроведува МЦМС со партнерите: Институтот за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦ), Транспарентност Македонија и Асоцијацијата за демократски иницијативи – Гостивар (АДИ).